Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019 и 110/2019”), член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18 ) и („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19 и 267/20), а во врска со објавениот оглас бр.2/2022, Министерот донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-3931/16
13-06-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**О Д Л У К А**

**за невршење на избор на**

**кандидат за вработување по пат на јавен оглас на определено време**

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот Миреме Исмаили за работното место **Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи** – 1 извршител, по јавен Оглас бр. 2/2022 за вработување на лица на определено време, во Министерството за животна средина и просторно планирање.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 30.05.2022 година беше објавен јавен оглас под број 2/2022 година за потребата од вработување на 6 (шест) извршители на определено време во весниците „Слободен печат” и „Koha” меѓу кои и за работно место Помлад соработник за админитративно-оперативна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето, Одделение за нормативно правни и административно стручни работи, Сектор за правни и општи работи. Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето.

На ден 08.06.2022 година, Комисијата за селекција заради спроведување на интервју за ангажирање на лица на определено време формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во функција на спроведување на постапката за вработување на лица за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, во Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе постапка што е

констатирано на записник од административна селекција и записник од работата на Комисијата за селекција заради спроведување на интервју. По завршената селекција заради спроведување на интервју на лицата на определено време со бр.04-3931/15 од 08.06.2022 година констатирано е дека кандидатот Миреме Исмаили не ги исполнува општите услови предвидено во огласот (не го користи активно македонскиот јазик)

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од (8)осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Министерството за животна средина и просторно планирање до Агенцијата за администрација.

Министер

Naser Nuredini